Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/Num. ark.: 21-1071
Датум/Data:26.6.2023 година

До
Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница
Пласница б.б.
Општина Пласница

Предмет: Ургенција по Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница, со статус на организација од јавен интерес;

Почитувани,

Комисијата за организации со статус од јавен интерес на седницата одржана на ден 08.06.2023 година, го разгледа Деловниот и финансиски извештај за 2020 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржат сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ" бр.18/2011).

Имено, Комисијата констатираше и повторно укажува на тоа дека наведената веб страница на здружението е нефункционална, поради што е потребно здружението да прикаже дека Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година се објавени на веб страницата на здружението, а согласно со член 87 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Сл.весник на РСМ" бр.239/22).

Член 75 став 1 алинеја 8 од Законот за здруженија и фондации, пропишува:„Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес, ако има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето".

Член 85 став 1 пак пропишува:„Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година". Членот 87 пак, нормира: „Извештаите од членовите 85 и 86 на овој закон се јавни и се објавуваат на веб страницата на организацијата со статус од јавен интерес до 30 април во тековната година за претходната година".

Член 99 од цитираниот закон, пропишува: „Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на организацијата со статус од јавен интерес ако не ги објави извештаите согласно со членот 87 од овој закон".

Во членот 101, пак е пропишано:„Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка на сторителот за прекршок ќе му се понуди порамнување од Министерството за финансии како надлежен орган за контрола на финансиското работење на организациите“.

Во членот 3 став 4 од Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011), е пропишано дека позицијата под реден број 4.Транспарентност и отчетност, содржи и потврда дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на здружението и фондацијата.

Имајќи ги во вид горенаведените законски одредби, Ве молиме во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот, да овозможите пристап до веб страната на здружението и да го објавите Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година на веб сајтот на Вашето здружение, а се со цел негово повторно разгледување од страна на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Доколку во наведениот рок не постапите по доставеното барање, Ве известуваме дека Комисијата за организации со статус од јавен интерес ќе постапи согласно постоечката законска регулатива.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ
СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Марија Митевска

Подготвил: Дарко Настевски
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ - Филиповска